FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ИНСТИТУТ
SOCIETY ОТВОРЕНО
INSTITUTE ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

# Годишен извештај за 2004 година

Фондацијата Институт отворено општество – Македонија (ФИООМ) е основана во октомври 1992 од страна на Џорџ Сорос, како дел на Соросовата мрежа фондации која го промовира отвореното општество на глобално ниво.

Мисијата на ФИООМ е интеграција на Македонија однатре која ФИООМ ја разбира како интеграција без асимилација (отворено општество како општество каде различностите се вредност) и интеграција на Македонија однадвор која ФИООМ ја разбира како проширување на регионалната соработка и поддршка на Македонија во процесот на интеграција во Европската унија.

ФИООМ го промовира развојот на отвореното општество преку имплементација на спектар активности во областите образование, граѓанско општество, уметност и култура, економија, информации, право, јавна администрација, јавно здравство, малцински и женски права.

Со ФИООМ управува Управен одбор од седум члена со различни стручни профили кои ги покриваат програмските области во кои е активна Фондацијата. Управниот одбор ги утврдува стратегијата и буџетот и еднаш годишно ги испраќа на одобрување до Основачот, Управниот одбор на мрежата Соросови фондации во Будимпешта и до неговите програмски пододбори.

За остварување на своите програмски цели ФИООМ остварува партнерства и со други донатори, развојни агенции, меѓународни организации, владини институции и невладини организации од земјата и од странство.

**Управен одбор**
Емилија Симоска, претседател
Сашо Клековски
Слободанка Марковска
Хасан Јашари
Наталија Николовска / Гордана Дувњак од септември 2004
Ѓорѓи Иванов / Мабера Камбери од декември 2004
Никола Гелевски

**Извршен директор**
Владимир Милчин

**Контакт**

Фондација Институт отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански 111, п. фах 378, Скопје
Република Македонија
тел. +389 2 2444488, факс. +389 2 2444499
www.soros.org.mk, e-mail: osi@soros.org.mk

# КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

за годината завршена на 31 декември 2004

| | МКД'000<br>2004 | УСД<br>2004 | МКД'000<br>2003 | УСД<br>2003 |
|---|---|---|---|---|
| Приходи од OSI | 241.578 | 4.883.686 | 264.568 | 4.873.242 |
| Приходи во добра | 10 | 200 | 1.726 | 31.784 |
| Финасирање од трети лица | 127.184 | 2.571.103 | 96.645 | 1.780.167 |
| **Приходи** | **368.772** | **7.454.989** | **362.939** | **6.685.193** |
| | | | | |
| OSI Програмски расходи | 217.668 | 4.400.312 | 233.244 | 4.296.275 |
| OSI Административни расходи | 16.365 | 330.823 | 19.105 | 351.898 |
| Амортизација | 11.217 | 226.753 | 9.244 | 170.283 |
| Расходи поврзани со финансирање од трети лица | 116.134 | 2.347.749 | 96.645 | 1.780.167 |
| **Расходи** | **361.384** | **7.305.637** | **358.238** | **6.598.623** |
| | | | | |
| **Разлика помеѓу приходи и расходи пред останати приходи** | **7.388** | **149.352** | **4.701** | **86.570** |
| | | | | |
| Приходи од камати | 2.183 | 44.145 | 1.817 | 33.484 |
| (Расходи)/приходи од други активности | (4.973) | (100.535) | 7.930 | 146.068 |
| Загуба од продажба на материјални вложувања | (7.191) | (145.370) | (742) | (13.659) |
| Нето позитивни курсни разлики | 10.116 | 204.483 | 9.240 | 170.183 |
| **Останати приходи** | **135** | **2.723** | **18.245** | **336.076** |
| | | | | |
| **Вишок за годината** | **7.523** | **152.075** | **22.946** | **422.646** |

# КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБА

на 31 декември 2004 година

| | МКД'000<br>2004 | УСД<br>2004 | МКД'000<br>2003 | УСД<br>2003 |
|---|---|---|---|---|
| **Актива** | | | | |
| Материјални вложувања | 20.868 | 463.048 | 23.467 | 478.418 |
| Вложувања | 571 | 12.676 | 5.238 | 106.789 |
| Долгорочни депозити | 17.229 | 382.294 | 16.840 | 343.323 |
| **Вкупно постојани средства** | **38.668** | **858.018** | **45.545** | **928.530** |
| Побарувања | 182.811 | 4.056.363 | 167.790 | 3.420.802 |
| Претплати | 1.188 | 26.351 | 1.765 | 35.978 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 24.518 | 544.012 | 40.461 | 824.894 |
| **Вкупно тековни средства** | 208.517 | 4.626.726 | 210.016 | 4.281.674 |
| **Вкупна актива** | **247.185** | **5.484.744** | **255.561** | **5.210.204** |
| **Деловен фонд** | **61.568** | **1.366.112** | **59.548** | **1.214.037** |
| Пресметани обврски | 159.351 | 3.535.831 | 158.097 | 3.223.178 |
| Останати обврски | 2.479 | 54.994 | 2.465 | 50.250 |
| Одложен приход | 23.787 | 527.807 | 35.451 | 722.739 |
| **Вкупно тековни обврски** | 185.617 | 4.118.632 | 196.013 | 3.996.167 |
| **Вкупно деловен фонд и обврски** | **247.185** | **5.484.744** | **255.561** | **5.210.204** |

KPMG

КПМГ Македонија д.о.о.
Ул. „Даме Груев" бр.28, 4ти кат
Скопје 1000
Република Македонија

тел: + 389 (2) 3135 220
факс: + 389 (2) 3111 811
е-пошта: kpmg@kpmg.com.mk
www. kpmg.com.mk

**Независен извештај на ревизорите до Одборот на директори на Фондацијата Институт Отворено Општество Македонија и Институтот Отворено Општество Македонија**

Извршивме ревизија на придружниот консолидиран биланс на состојба на Фондацијата Институт Отворено Општество Македонија и Институтот Отворено Општество Македонија ("Групата") на 31 декември 2004 година, како и на поврзаните со него консолидирани извештаи за билансот на успех, промените во деловниот фонд и паричниот тек за годината тогаш завршена. Одговорноста за консолидираните финансиски извештаи е на директорите на Групата. Наша одговорност е да искажеме независно мнение за консолидираните финансиски извештаи базирано на извршената ревизија.

Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Овие стандарди изискуваат да ја планираме и да ја извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со разумна увереност дека консолидираните финансиски извештаи не содржат материјално значајни грешки. Ревизијата вклучува испитување, врз основа на тестирање на евиденциите што ги поткрепуваат износите и образложенијата во консолидираните финансиски извештаи. Таа исто така вклучува осврт на користените сметководствени принципи и значајните проценки направени од раководството, како и оценка на адекватноста на прикажувањето на информациите во консолидираните финансиски извештаи. Ние сме убедени дека нашата ревизија обезбедува разумна основа за нашето мнение.

Според наше мнение, консолидираните финансиски извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Групата на 31 декември 2004 година како и на резултатите од нејзиното работење и паричниот тек за годината тогаш завршена во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Скопје, 30 април 2005 година KPMG KPMG